# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Со 70 годишното искуство, основната дејност на ЈЗУ ЦЈЗ Скопје се спроведува согласно:

- Законот за здравствена заштита
- Законот за заштита на населението од заразни болести
- Програмите донесени од Владата на Република Северна Македонија

Центар за Јавно Здравје - Скопје поттикнува одговорност за заштита на животната средина и здрави и безбедни работни места на сите нивоа на организацијата, преку подигнување на свесноста, посветеноста, знаењето на вработените во однос на начините за заштита на животната средина, како и почитување на законската регулатива од областа на здравје и безбедност при работа.

За доследно извршување на поставените цели и високо ниво на квалитет на понудените услуги, Службата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при ЦЈЗ Скопје се обврзува на:

Заштита на животната средина согласно барањата на меѓународните стандарди и ISO 14001:2015. Заштита на здравјето и безбедноста на вработените преку почитување на стандардот ISO 45001:2018 и важечката законска регулатива од областа на безбедност и здравје при работа. Вработените лица во Службата за ДДД ги препознаваат ризиците од нивната дејност и предлагаат можности, мерки и активности.

Грижата за животната средина и безбедноста и здравјето при работа претставува составен дел од сите одлуки и практики на компанијата. Службата за ДДД е свесна за важноста на здравата животна средина, здравите и безбедни работни места и чувствува одговорност за нејзина имплементација.

Клучен приоритет на Службата за ДДД е преземање активности со кои ќе се одбегнат штетни влијанија врз животната средина, со цел таа за да таа биде сочувана за идните генерации.

Согласно дејноста во која делува компанијата, го следи и контролира влијанието на загадувањето на животната средина како резултат на работните активности, и е сведено на минимално ниво. Истовремено, компанијата врши мониторинг на квалитетот на нејзините услуги и ги презема сите активности потребни за да го задржи негативното влијание врз животната средина на најниско можно ниво.

Наша цел е спречување на повреди при работа создавајќи **безбедна работна средина, безбедни работни места и безбедна опрема за сите вработени**.

Менаџментот на Центар за Јавно Здравје - Скопје го одржува и унапредува системот за управување со животната средина и здравје и безбедност при работа според стандардите ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018, преку контрола на сите значајни аспекти за заштита на животната средина, имплементација на сите законски обврски за безбедни и здрави работни места, поставување цели во однос на заштитата на животната средина и здравје и безбедност при работа, како и преиспитување на резултатите од работењето во поглед на заштитата на животната околина и безбедност и здравје при работа. Главна цел на менаџментот е постојано подобрување на перфомансите на компанијата во однос на животната средина, здрави и безбедни работни места, мерејќи го учинокот на годишно ниво.

**МОТО**

ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

**ВИЗИЈА**

Јавна здравствена установа број 1 во РС Македонија.

**МИСИЈА**

Да се обезбеди одржлив развој во управување на животната средина и здрави и безбедни работни места

Директор

Февруари, 2023 спец.д-р. Бесим Зеќири